ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 04-44/7
Датум: 17.02.2025

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Генералниот секретар донесе

# О Д Л У К А

**За вршење избор за вработување на еден (1) извршител – кандидат за административен службеник по објавен јавен оглас 421/2024 за работно место Помлад референт за благајнички работи**

1. За извршител за работното место Помлад референт за благајнички работи, во Одделение за буџетска контрола и плаќање, во Сектор за финансиски прашања, со шифра УПР 01 01 Г04 000, по јавен оглас 421/2024 се избира кандидатот Сухејља Орана, со идентификациски код 36D6174.
2. Кандидатот од точка 1 од оваа Одлука ќе биде распореден на работното место Помлад референт за благајнички работи, во Одделение за буџетска контрола и плаќање, во Сектор за финансиски прашања, кое е определено во Правилникот за систематизација на работни места во Државниот завод за ревизија заверен под број 01-1667/1 од 27.12.2022 година, по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), утврдена е постапката за донесување Одлука за избор за вработување на административни службеници врз основа на објавен Јавен оглас.

Согласно објавен Јавен оглас број 421/2024 за потреба од вработување на административен службеник во Државниот завод за ревизија на работното место Помлад референт за благајнички работи, во Одделение за буџетска контрола и плаќање, во Сектор за финансиски прашања, со шифра УПР 01 01 Г04 000, Комисијата за селекција за вработување по јавниот оглас ја спроведе постапката за вработување која се состои

од административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојноста на докази и интервју и со допис број 10-155/6 од 06.02.2025 година кој е примен и заверен во Државниот завод за ревизија под број 04-44/6 од 17.02.2025 година, достави конечна ранг листа од сите фази на постапката за вработување и Предлог за вработување на кандидат.

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Генералниот секретар по разгледување на приложената конечна ранг листа на кандидати и доставениот предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**Правна поука:** Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА Скопје 2 Shkup ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

**Генерален секретар**

**м-р Александар Поповски**

**Изготвил**: м-р Весна Богдановиќ